**Влада на Република Северна Македонија**

**Генерален секретаријат**
Сектор за правни работи

Дата: 15-07- 2025
Архивски број: 55-6970/1

До: Министерство за јавна администрација
Булевар Свети Кирил и Методиј број 54 1000 Скопје

Предмет: Полугодишен извештај за претставки и предлози, за период од 1 јануари до 30 јуни 2025 година

Почитувани,

Согласно член 19 став (2) од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/2015 и 193/2015) и Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.208/24), го доставуваме полугодишниот извештај за претставки и предлози, за период од 1.1.2025 до 30.6.2025 година, во кој се евидентирани 52 претставки и предлози, од кои 41 се примени во сегашниот извештаен период и 11 се пренесени, според следните критериуми на разликување:

- Форма на поднесување: 45 претставки се поднесени во писмена, а 7 претставки во електронска форма.

- Подносители на претставките: 28 претставки се поднесени од физички лица, 12, претставки од правни лица, 6 анонимни и 6 претставки се поднесени од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.).

- Начин на постапување на претставките и предлозите: Постапено, односно директно е одговорено на 1 претставка; на надлежност и постапување на надлежните органи се доставени вкупно 44 претставки, а 7 претставки беа одговорени на друг начин (беспредметна претставка со неразбирлива содржина и цел, нејасна содржина, нема законска основа за постапување).

Преглед на постапување по претставките и предлозите по области:

1. Од областа на имотно-правните односи, управата и судството, евидентирани се вкупно 24 претставки. Од нив, 21 претставка се поднесени во писмена форма, а 3 претставки се поднесени во електронска форма. Вкупно 15 претставки се поднесени од физички лица, 3 претставки од правни лица, 4 претставки се анонимни и 0 претставки од други лица (застапник, полномошник,

група граѓани и сл.). Од нив, 17 претставки се препратени на надлежност до надлежните органи, на 1 претставка е одговорено директно на подносителот на претставката и 6 претставки се решени на друг начин.

2. Од областа на пензиското и инвалидското осигурување, здравствената, социјалната и детската заштита, евидентирани се 6 претставки. Од нив, 5 претставки се поднесени во писмена, а 1 претставка во електронска форма. Вкупно 2 претставки се поднесени од физички лица, 3 претставки се поднесени од правно лице и 1 претставка од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.). Сите 5 претставки се препратени на надлежност до надлежните органи.

3. Од областа на станбено-комуналните работи, урбанизмот, градежништвото, сообраќајот и животната средина се поднесени 10 претставки, од кои 8 претставки во писмена и 2 претставки во електронска форма, и 5 претставки се од физички лица, 2 претставки се од правни лица и 2 претставки од други лица (застапници, полномошници, група граѓани и сл.) и 1 анонимна претставка. Од нив, 9 претставки се препратени на надлежност на надлежните институции, а на 1 претставка е одговорено на друг начин.

4. Од областа на образованието, вработувањето и правата од работен однос, евидентирани се вкупно 4 претставки. Сите 4 претставки се поднесени во писмена форма. Од нив, 3 претставки се од физички лица, 1 претставка е од правно лице, а нема претставки кои се анонимни и од други лица. Вкупно 4 претставки се препратени за постапување на надлежни институции.

5. Од останатите области, евидентирани се вкупно 8 претставки, од кои 7 претставки се поднесени во писмена, а 1 претставка во електронска форма. Од нив, 3 се од физички лица, 3 претставки се од правни лица, 1 претставка е анонимна и 1 претставка од други лица (застапници, полномошници, група граѓани). Вкупно 8 претставки се препратени на надлежност до соодветни институции.

Со почит,

Генерален секретар на Влада
на Република Северна Македонија
Игор Јанушев

Влада на Република Северна Македонија • Republika e Maqedonisë së Veriut • Скопје-Shkup

**Извештај за податоците кошто се однесуваат на постапувањето по претставки и предлози за периодот 1.1.2025-1.7.2025 г.**

| Број на примени претставки и предлози | | | Област | Форма | | | Подносител | | | | Начин на постапување | | | | | | | Број на претставки и предлози по кои е постапено | | Број на претставки и предлози по кои не е постапено | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примени | Пренесени | Вкупно | | Усно | Писмено | Електронски | Физички лица | Правно лице | Други | Анонимни | Постапено | Непостапено | Постапката е во тек | Препратени на надлежно | Постапено по интервенц | Постапено по интервенц | На друг начин | Во законски пропишанио | По истекот на рокот | Рокот за постапување изминал | Рокот за постапување тече | Забелешки |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 |
| 16 | 8 | 24 | Имотно правни односи, управа и судство | 0 | 21 | 3 | 15 | 3 | 2 | 4 | 1 | 0 | 0 | 17 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 5 | 1 | 6 | Пензиско-инвалидско осигурување, здравствена социјална и детска заштита | 0 | 5 | 1 | 2 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 9 | 1 | 10 | Станбено-комунални работи, урбанизам, градежништво, сообраќај и животна средина | 0 | 8 | 2 | 5 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 9 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 4 | 0 | 4 | Образование, вработување и права од работен однос | 0 | 4 | 0 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 7 | 1 | 8 | Останато | 0 | 7 | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 41 | 11 | 52 | Вкупно | 0 | 45 | 7 | 28 | 12 | 6 | 6 | 1 | 0 | 0 | 44 | 0 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | |